# Гробот е првата станица од станиците на Ахиретот – ако човекот се спаси од него, тогаш она што доаѓа потоа ќе биде полесно; но ако не се спаси, тогаш она што следи е уште потешко.‘“

Од Хани, ослободениот роб на Осман, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Кога Осман ќе застанеше покрај некој гроб, плачеше сè додека не му се навлажнеше брадата од солзи. Му рекоа: ‚Те потсетуваме на Џенетот и Џехенемот – и не плачеш, а плачеш кога ќе застанеш покрај гроб?‘ Тој одговори: ‚Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: Гробот е првата станица од станиците на Ахиретот – ако човекот се спаси од него, тогаш она што доаѓа потоа ќе биде полесно; но ако не се спаси, тогаш она што следи е уште потешко.‘“

[حسن] [رواه الترمذي وابن ماجه]

Владарот на верниците, Осман бин Афан, Аллах нека е задоволен со него, кога ќе застанеше покрај гроб, толку многу плачеше што му се натопуваше брадата од солзи. Му рекоа: „Те потсетуваме на Џенетот и Џехенемот, а не плачеш – ниту од копнеж по Џенетот, ниту од страв од Џехенемот – а плачеш кога ќе застанеш покрај гроб?!“ Тој одговори: „Навистина, Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè извести дека гробот е првата станица од станиците на Ахиретот – па ако човекот се спаси и се избави од неговата казна, тогаш она што доаѓа потоа ќе биде полесно; но ако не се спаси, тогаш она што следи е уште потешко.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/11205